РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

До Државната комисија за спречување на корупцијата, преку web формата на Државната комисија поставено е прашање, со кое од Државната комисија се бара мислење во однос на тоа, дали може вработено лице во институција која се финансира од државен буџет да изработува тренинг материјали и испорака на тренинг во кој учесниците би биле вработени во истата институција и други институции. Лицето би било ангажирано од невладина организација и истото би добивало паричен надомест. Имено, прашање е дали лица кои примаат плата од државен буџет може да бидат дополнително ангажирани.

Државната комисија за спречување на корупцијата согласно член 17 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија“ бр. 12/2019) и член 41 –б од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата бр.02-3794/1 од 08.08.2019 година, бр.03-2198/1 од 12.06.2020 година, бр.02-8774/1 од 17.10.2022 година и бр. 02-3087/1 од 06.12.2024 година, го издаде следното

## М И С Л Е Њ Е

Согласно член 8 став (2) од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси: „Под поимот „службено лице“ се подразбираат сите избрани или именувани лица и **вработените во јавниот сектор**.

Член 2 став (3) од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси го утврдува значењето на поимот „судир на интереси“:
„(3) Под судир на интереси се подразбира состојба во која службеното лице има приватен интерес што влијае или може да влијае врз непристрасното вршење на неговите јавни овластувања или службени должности.“
Со член 44 став (6) од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси е предвидено дека:
„Службено лице може да остварува приходи од научни, наставни, културни, уметнички и спортски активности и приходи од авторски, патентни и слични права, интелектуална и индустриска сопственост, освен ако со закон не е поинаку определено“.

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk

Согласно член 72 став (1) и (2) и член 75 став (1) од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси е предвидено како секое службено лице треба да постапува во ситуација кога ќе се најде во состојба на судир на интереси и тоа:
Член 72 став (1) и (2)
„(1) Службеното лице во своето работење е должно да внимава на потенцијален судир на интереси и да преземе мерки за негово одбегнување.
(2) Во случај на сомневање за постоење судир на интереси, службеното лице е должно да ги преземе сите неопходни мерки за да го спречи влијанието на неговиот приватен интерес или приватниот интерес на друго лице врз извршувањето на неговите овластувања и должности и за тоа да го извести својот претпоставен.“
**Државната комисија извести дека службено лице, во која категорија спаѓа и лицето од поставеното прашање, може да остварува дополнителни приходи извршувајќи ги активностите предвидени со член 44 став (6) од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, освен ако со закон не е поинаку определено.**
**Понатаму, Државната комисија е на став дека, во ситуација кога службено лице е ангажирано од невладина организација за работи за кои тоа е вработено во некоја институција и извршува работни задачи за кои прима редовна плата, постои потенцијален судир на интереси да приватниот интерес на тоа лице да влијае врз вршењето на неговите службени должности.**
Исто така, Државната комисија смета дека, доколку е ангажирано службеното лице во истата институција каде е вработено преку невладина организација постои ризик од прекршување на член 50 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси.
Имено, со член 50 став 1 и 2 од истиот Закон е предвидено следното:
„(1) Службено лице не смее да ги користи информациите со кои располага во вршењето на функциите, јавните овластувања и службените должности за остварување корист или предност за себе или за друг.
(2) Обврската од ставот (1) на овој член останува во рок од три години од денот на престанокот на функцијата, односно должноста, освен ако со закон е утврдено поинаку.“

Претседател

Татјана Димитровска